# Одговор на Пристигнати коментари по јавната расправа за Предлог План за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија

| Подносител на коментар | Коментар | Одговор на АЕК |
|---|---|---|
| **Македонски Телеком** | Сметаме дека предлог Планот треба да се дополни со одредби согласно обврските од доделените одобренија за ефикасно и ефективно користење на доделените радиофреквенции а во согласност со обврските на операторите од Член 147 од Законот за електронските комуникации (Сл. Весник бр. 39/2014, 188/2014 и 44/2015), став 3 б) и 3 в).<br><br>Имено со спојувањето на двата мобилни оператори ОНЕ ДОО и ВИП оператор ДОО, на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија се создаде ситуација кога еден оператор (оне.ВИП ДОО) поседува две третини од доделениот радиофреквентен спектар а поседува процентуално приближно ист број на корисници како и Македонски Телеком АД-Скопје кој ја поседува преостанатаа третина од РФ спектарот. Ваквата ситуација настана со нивното спојување на 01.10.2015 и опстојува повеќе од шест месеци и во моментот претставува конкурентска предност на оне.ВИП ДОО во однос на МКТ.<br><br>Поседување на двојно повеќе радиофреквенциски опсег во моментов, за кој што нема никаква најава дека ќе биде одземен или прераспределен, значи и планирање на радио мрежа во двојно помали инвестиции односно работење на ново создадениот | Коментарот не се прифаќа. Со Планот за намена за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се уредува намената на радиофреквенциските опсези за каква служба во радиокомуникациите ќе се наменат. Коментарот поднесен од Македонски Телеком се однесува на План за доделба и користење на радиофреквенциите во Република Македонија. |

| | | |
|---|---|---|
| | оператор со многу помали трошоци што од друга страна резултира со можност да излезат на пазарот со поевтини понуди кон крајните корисници. Двојно поголемото количество на радиофреквенции во владение на оне.ВИП ќе им овозможи да понудат не само поевтини туку и услуги со подобар квалитет а со тоа и доминантна положба на пазарот на електронските комуникации.<br><br>Ваквата потенцијално дискриминирана  положба на МКТ може да предизвика губење на корисниците и намалување на пазарниот удел. Од тие причини сметаме дека во овој предлог План како и во Планот за доделување на радиофреквенции на Република Македонија треба што поскоро треба да се дефинираат критериуми со кој ќе е обезбеди рамноправна распределба на радиофреквецикиот спектар со остварување на купопродажната зделка помеѓу МКТ и оне.ВИП ДОО или одземање на дел од спектарот на оне.ВИП во најскор можен рок. | |
| **оне.Вип** | Посебна сфера на интерес за ОНЕ.ВИП во рамки на предлог Планот претставуваат деловите поврзани со спектарот наменет за изградба на комуникациски мрежи. Во таа насока, се забележува дека со Планот се предвидува потполна технолошка неутралност на опсезите за пристапни мрежи, посочувајќи ги како намена MFCN (Mobile and Fixed Communications Networks). Тоа го разбираме како чекор кон овозможување на операторите слободно да располагаат со овие фреквенциски ресурси во насока кон подобрување на квалитетот на мрежите и нивна оптимална употреба, како чекор со кој би се овозможило ефикасно прилагодување кон се поголемата побарувачка за broadband.<br><br>За забелешка е фактот што од опсезите кои се во примена, во 800 MHz и 2100 MHz се предвидува оваа технолошка неутралност со наведување на намена за MFCN, додека за 900 MHz и 1800 MHz сеуште се наведуваат поединечните намени според тековните | Коментарот не се прифаќа. Во опсегот 900 MHz имплементирани се одлуките на ECC ERC/DEC/(94)01 со која овој опсег се определува за GSM системи и ECC/DEC/(06)13 со која овој опсег се определува за UMTS/LTE/WiMAX системи со што се обезбедува неутралност на технологии. За опсегот 1800 MHz имплементирани се одлуките на ECC ERC/DEC/(95)03 со која овој опсег се определува DCS 1800 (GSM 1800) системи и ECC/DEC/(06)13 со што се обезбедува неутралност на технологии. |

| | | |
|---|---|---|
| | стандарди. Со оглед на тоа што и за овие опсези de-facto е овозможена технолошка неутралност, не гледаме причина зошто и кај нив не би се навела намената MFCN. | |
| **оне.Вип** | Во оваа прилика, имајќи ги предвид постојните одобренија кои се доделени на операторите во овие опсези, сметаме дека би било корисно во Планот за намена и Планот за доделување и користење да се дополни и преодна одредба со која би се предвидело дека се врши промена на одредбите во постојните одобренија на начин што намената наведена во нив се усогласува со Плановите за намена и доделување и користење. | Коментарот не се прифаќа. Со Планот за намена за намена на радиофреквенциските опсези во Република Македонија се уредува намената на радиофреквенциските опсези за каква служба во радиокомуникациите ќе се наменат. Коментарот поднесен од оне.Вип се однесува на План за доделба и користење на радиофреквенциите во Република Македонија. |

Со Почит,

Раководител на сектор за радиокомуникации

Јане Јакимовски

Советник на Директорот за радиокомуникации,

контрола и мониторинг на радиофреквенции

Игор Бојаџиев